ISSN 1857-5323

# БИЛТЕН

## НА УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

**УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

**ISSN 1857- 5323**

# Б И Л Т Е Н

## НА УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

**Бр. 80**

**Скопје, 22.01.2021 година**

Издавач:
**УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

Главен и одговорен уредник:
**Проф. д-р Тони Васиќ**

Печати:
**УАКС Скопје**

Тираж: **20 примероци**

# СОДРЖИНА

**Стр. 5**
**РЕФЕРАТ**
за избор на наставник во сите насловни звања по група предмети од областа на меѓународно право, меѓународни односи и дипломатијата на Факултетот за политички науки при Универзитет Американ Колеџ Скопје, во Скопје

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА МЕЃУНАРОДНОТО ПРАВО, МЕЃУНАРОДНИТЕ ОДНОСИ И ДИПЛОМАТИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ПОЛИТИЧКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

Со Одлука донесена на 2-та седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за политички науки при Универзитетот Американ колеџ Скопје (УАКС) одржана на 20. 1. 2021 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите насловни звања по група предмети од областа на меѓународното право, меѓународните односи и дипломатијата на Факултетот за политички науки при УАКС.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот „Слободен печат“ на 11. 1. 2021 година и во предвидениот рок се пријави кандидатот:

1. *Доцент д-р Данчо Марковски*

Заедно со биографијата, кандидатот има доставено уверенија и дипломи за предходно оформени степени на образование, како и список на објавени рецензирани трудови. Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за политички науки при УАКС да му го поднесеме следниот:

**ИЗВЕШТАЈ**

***Биографски податоци***

Кандидатот д-р Данчо Марковски е роден на  15 септември 1956 година во Велес. Дипломирал на Факултетот за безбедност при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во 1981 година и се стекнал со академски звање дипломиран правник – насока безбедност. Магистрирал на 22. 11. 2010 година на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, успешно бранејќи го магистерскиот труд на тема „Организација и функционирање на конзуларните служби, со посебен осврт на директоратот во Министерството за надворешни работи на Република Македонија“, со што се стекнал со академско звање магистер на правни науки – насока меѓународно право. Докторска дисертација на тема „Современи дипломатски методи и нивната примена во македонската дипломатска служба“ одбранил на 23. 12. 2015 година на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, со што се стекнал со звање доктор на политички науки.

Д-р Данчо Марковски има повеќе од тридецениско искуство во светот на дипломатијата, односно македонската дипломатска служба. Од 1987 до 1989 година извршува работи како аташе – трет секретар, по што, во својство на втор секретар – конзул, е упатен на работа во амбасадата на поранешната СФРЈ во Триполи, Либија. Пред распадот на поранешната држава, во 1991 година поднесува оставка и се става на располагање во Министерството за надворешни работи (МНР) на Република Македонија. Во 1993 година, во својство на советник и привремен вршител на работите, упатен е во Анкара, Турција, каде што ја отвора првата македонска амбасада во светот. Во 1996 година е поставен за директор на Управата за земјите од непосредно соседство при МНР, а од 1997 до 1998 година е именуван за генерален секретар на МНР. Од 1998 до 1999 година е упатен во својство на министер советник и заменик шеф на мисија во македонската амбасада во Стокхолм, Шведска. Од 1999 до 2001 година е в.д. директор на Управата за европски земји при МНР. По нормализацијата на односите со НР Кина, именуван е за специјален пратеник на министерот за надворешни работи за повторно отворање на амбасадата во Пекинг, каде што од 2001 до 2005 година е министер советник и привремен вршител на работите. По враќањето во земјата, од 2005 до 2006 година е назначен за директор на Директоратот за организациони работи при МНР, а од 2006 до 2008 година е раководител на сектор во Директоратот за дијаспора при МНР. Во 2008 година е

именуван за вонреден и ополномоштен амбасадор во Република Хрватска и на таа должност останува до 2012 година. По враќањето е распореден во својство на помошник директор во Директоратот за конзуларни работи при МНР. Од декември 2020 е именуван за вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Северна Македонија во Република Албанија.

Како македонски дипломатски претставник иницирал и учествувал во процесот на меѓународното признавање на Република Македонија по прогласувањето на нејзината независност, преку воспоставување на дипломатски односи со повеќе држави. Иницијатор е на потпишување на бројни билатерални договори. Учесник е на меѓународни конференции (61-от Состанок на Организацијата на африканското единство во 1997 година во Триполи, Конференцијата на ООН „Хабитат“ во Истанбул во 1996 година и др.). Носител е на државно одликување на Република Хрватска „Ред Кнеза Бранимира са огрлицом“. Од 2015 година е претседател на Дипломатскиот клуб – Скопје, граѓанско здружение на поранешни и активни дипломати, кое се занимава со теми од меѓународната политика, меѓународните односи и дипломатијата, при што организира настани со учество на странски амбасадори, професори и поединци, а соработува и со Универзитетот Американ Колеџ Скопје.

***Наставно-образовна и научно-истражувачка дејност***

Д-р Данчо Марковски на покана на Министерството за надворешни работи и европски интеграции на Република Хрватска, во 2009 година учествува како предавач на 12-от Дипломатски форум на Централно-европската инцијатива во Дубровник, на тема „Современа европска дипломатија и дипломатска обука“. Предавал на студенти на постдипломски студии од областа на дипломатското и конзуларното право на правните факултети во Загреб и во Скопје, на дипломатските курсеви во македонското МНР, а во соработка со Универзитетот Американ Колеџ Скопје одржува семинар за обука на државни службеници на тема „Дипломатски протокол“.

Д-р Данчо Марковски е автор е на книгите „Дипломатија - организација и практика“ (2002), „Конзуларна служба – организација и практика“ (2010), „Современи дипломатски методи и нивната примена во македонската дипломатска служба“ (2017), а со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за политички науки при Универзитетот Американ Колеџ Скопје го објавува и наставниот прирачник „Дипломатски протокол, етикеција и коресподенција“ (2019). Објавува и стручни текстови од областа на дипломатијата во македонското дипломатско списание „Дипломатски летопис“.

Во 2015 година, со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за политички науки при Универзитетот Американ Колеџ Скопје, д-р Данчо Марковски е избран во насловно звање доцент по маѓународно право и дипломатија. Од 2015 година бил повремено ангажиран како насловен доцент на Факултетот за политички науки при УАКС по предметот Меѓународно јавно право (на додипломските студии) и по предметот Дипломатски протокол, етикеција и кореспонденција (на постдипломските студии).

Доцент д-р Данчо Марковски во последните пет години ги има објавено следните научни трудови:

| **Труд** | **Објавен во последните 5 години пред распишување на конкурсот** | **Рецензирано списание** | **Референтна научна публикација** |
|---|---|---|---|
| Markovski, D. (2020). Diplomacy and Intelligence Services: Reflection on Small States. *European perspectives*, 11, 1(19), pp. 19-39. | Да, 2020. | Да. | Да. Референтно научно списание со меѓународен одбор. *European Perspectives* – International Scientific Journal. Indexed in: International Bibliography of the |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Social Sciences (IBSS). |
| Markovski, D. (2020). Challenges in Accomplishing the Macedonian Foreign Policy Aim. *Vizione* - International Magazine for Social Sciences, 35/2020, pp. 249-272. | Да, 2020. | Да. | Да. Референтно научно списание со меѓународен одбор. *Vizione* - International Magazine for Social Sciences. Indexed in: Open Access Journals, EBSCO, ProQuest & Cite Factor. |
| Markovski, D. (2018). Public Diplomacy – A Modern Tool in International Activities of Small Countries: The Case of the Republic of Macedonia. *European Perspectives*, 9, 1(16), pp. 15-35. | Да, 2018. | Да. | Да. Референтно научно списание со меѓународен одбор. *European Perspectives* – International Scientific Journal. Indexed in: International Bibliography of the Social Sciences (IBSS). |
| Марковски, Д. (2016). Практиката во дипломатската комуникација на државите. *Годишник на Правниот Факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, во чест на проф. д-р Петар Манговски*. 55, 2016, стр. 379-406. | Да, 2016. | Да. | Да. Референтна научна публикација – зборник на научни трудови, со меѓународен одбор. |

Библиографијата на доцент д-р Данчо Марковски вклучува и повеќе други научни трудови постари од пет години сметано од денот на објавувањето на конкурсот.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на изнесените податоци за стручната, научната и наставната активност на доцент д-р Данчо Марковски, Комисијата констатира дека кандидатот покажува постојан стручен, научен и наставен развој и се оформува во квалитетен универзитетски наставник и научник. Научно-истражувачката работа на кандидатот е континуирана и ја потврдува неговата ориентација за продлабочен системски пристап кон поширокатa област, која се однесува на групата предмети за кои конкурира.

Имајќи ја предвид севкупната научна, стручна и наставна активност на кандидатот, Комисијата оцени дека доцент д-р Данчо Марковски ги исполнува предвидените законски и други услови, поради што има чест на Наставно-научниот совет да му предложи доцент д-р Данчо Марковски да биде избран во звањето насловен доцент по група предмети од областа меѓународното право, меѓународните односи и дипломатијата на Факултетот за политички науки при Универзитетот Американ Колеџ Скопје.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

проф. д-р Милан Јазбец, редовен професор с.р.
Нов Универзитет - Љубљана, Словенија

проф. д-р Кимо Чавдар, с.р.
Факултет за правни науки,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

вон. проф. д-р Марина Андева, с.р.
Факултет за политички науки,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

# BULLETIN

OF THE UNIVERSITY
AMERICAN COLLEGE
SKOPJE

University American College Skopje

ISSN 1857-5323